ТоплификацијА АД - Скопје

Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија

Македонска Берза
на хартии од вредност АД Скопје

Лондонска б.б.
1000 Скопје
Р.Македонија

Тел.: 02/30 97 600
Факс: 02/30 76 057

kontakt@toplifikacija.mk
www.toplifikacija.mk

**Скопје, 04/10/2017**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во врска со објавениот Јавен Повик за учество на Собранието на акционери на Друштвото Топлификација АД Скопје (scan од објава во дневен весник Вечер од 15.09.2017 година) на веб страната на Македонска берза (www.mse.mk) во делот „Објави согласно закон/Објави согласно ЗТД“ под наслов „Јавен повик од лице овластено од судот за свикување на Собрание на акционери на Топлификација АД Скопје на 18.10.2017 година“, ги известуваме Македонска Берза за хартии од вредност АД Скопје и акционерите на Топлификација АД Скопје за следното:

1. Со Решение за привремена мерка П1.бр.527/16 од 30.08.2016 година на Основен суд Скопје 2 Скопје на Топлификација АД Скопје и се забранува спроведување на одлуките од одржаното Собрание на 19.07.2016 година, од што произлегува дека одлуките за време на траењето на привремената мерка немаат правна сила
2. Со Решение 3 ВПП-357/16 од 26.09.2016 година на Основен суд Скопје 2 Скопје се наложува свикување на Собрание на акционери (со дневен ред за продолжување на Собранието од 19.07.2017 година) и се определува лицето Игор Цифоров најдоцна во рок од 3 дена од денот на доставувањето на Решението до учесниците
3. Со Решение ГЖ-1611/17 од 05.07.2017 година се потврдува донесеното првостепено Решение 3 ВПП-357/16 од 26.09.2016 година
4. Согласно член 396 став 5 од ЗТД, на ден 06.10.2016 година е одржано Собрание на акционери на Топлификација АД Скопје на кое е одлучувано со мнозинство акционери по ист дневен ред како Собранието на акционери од 19.07.2016 година. Од тие причини, Решението 3 ВПП-357/16 од 26.09.2016 година е безпредметно

**По вака настанатата правна состојба**, имајќи во предвид дека **од една страна на Топлификација АД Скопје со Решение за привремена мерка и е забрането спроведување на одлуките од 19.07.2016 година**, **од друга страна на ден 06.10.2016 година согласно член 396 став 5 од ЗТД е одржано Собрание на акционери на Топлификација АД Скопје** и **од трета страна е донесено Решение 3 ВПП-357/16 од 26.09.2016**, а со цел да се отстранат неправилностите, Топлификација АД Скопје ги презеде следните дејствија:

1. Поднесе Предлог за повторување на постапката 3 ВПП-357/16 пред Основниот суд Скопје 2 Скопје, по кој Предлог постапката сеуште е во тек

2. Поднесе Предлог за времена мерка против овластеното лице за свикување на Собрание – Игор Цифоров со предлог да се забрани на овластеното лице да презема дејствија согласно Решение 3 ВПП-357/16
3. Кривична пријава против судија на Основен суд Скопје 2 Скопје кој одлучувал во предметот 3 ВПП-357/16
4. Кривична пријава против судскиот совет на Апелациониот суд кој одлучил со Решение ГЖ-1611/17

**Се до конечно завршување на горенаведените судски постапки, не се настапени услови овластеното лице да може да преземе дејствија за свикување на Собрание на акционери на начинот на кој е објавен Јавниот повик на Македонска берза и во дневниот весник „Вечер" на ден 15.09.2017 година.**

**Воедно ги известуваме акционерите на Топлификација АД Скопје дека по Предлог на акционери за издавање на времена мерка со кое на Топлификација АД Скопје ќе и се забрани одржување на закажаното Собрание на акционери за 29.09.2017 година односно одложено за 31.10.2017 година, Основниот суд Скопје 2 Скопје донесе Решение 2ВПП-2.бр.295/17 од 27.09.2017 година со кое се одбива предлогот како неоснован. Со тоа, нема пречка на ден 31.10.2017 година да се одржи закажаното Собрание на акционери на Топлификација АД Скопје.**

**Заради правилно информирање на акционерите на Топлификација АД Скопје и понатака друштвото ќе продолжи со објавување на сите потребни информации.**

**ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје**